Влада на Република Северна Македонија
Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

# Д Е Л О В Н И К
**за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор**

Скопје, април 2021 година

Врз основа на член 2 став (2) од Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор („Службен весник на РМ“ бр.98/16 и 164/17 и „Службен весник на РСМ“ бр.97/19), Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, на седницата одржана на 22.4.2021 година, донесе

# Д Е Л О В Н И К
## за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

### Член 1

Во Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (бр.37-388/1 од 14.5.2018 година, бр.38-22/1 од 4.7.2019 година и бр.38-29/7 од 28.10.2019 година), во член 2 став (2) по алинеја 11 се додава нова алинеја 12 која гласи: „донесува годишен план за својата работа;“.

Алинеја 12 станува алинеја 13.

### Член 2

Во член 24 по став (1) се додава нов став (2) кој гласи: „Пред преминување на точките од дневниот ред, Советот разгледува извештај за реализација на заклучоците од претходната седница, подготвен од Генералниот секретаријат – организациона единица за соработка со граѓанскиот сектор.“

Ставовите (2), (3), (4), (5), (6), (7) и (8) стануваат ставови (3), (4), (5), (6), (7), (8) и (9).

### Член 3

Во член 30 став (1) по точка 5) се додава нова точка 6) која гласи: „се грижи за обезбедување финансиски средства за спроведување на активностите и видливост на работата на Советот;“.

Точката 6) станува точка 7).

### Член 4

Овој деловник влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 32-38/3
22.4.2021 година
С к о п ј е

Претседателка на Советот
за соработка со и развој на граѓанскиот сектор
Фани Каранфилова Пановска